**20081613344**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на член 14 став 1 од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија” бр.67/04, 14/06 и 84/07), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# НАРЕДБА ЗА ЗАБРАНА ЗА СОБИРАЊЕ ЗАРАДИ КОРИСТЕЊЕ И ТРГОВИЈА НА АВТОХТОНИ САМОНИКНИ ГАБИ-СМРЧКИ ОД РОДОВИТЕ MORCHELLA, VERPA И PTICHOVERPA

Член 1

Се забранува собирање заради користење и трговија на автохтони самоникни габи-смрчки од родовите Morchella, Verpa и Ptichoverpa, со цел заштита на нивните природни станишта и заштита на иглолисните насади од намерни шумски пожари.

Член 2

Оваа наредба не се однесува на количините кои се наоѓаат во залиха кај правните лица од претходните години и истите се задолжуваат најдоцна до 01.04.2009 година да ги пријават до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата.

Член 3

Забраната од член 1 од оваа наредба трае пет години од денот на влегувањето во сила на оваа наредба.

Член 4

Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 02-7964/3
15 декември 2008 година
Скопје

Министер,
д-р **Неџати Јакупи**, с.р.